ДРЖАВНА ВИДЕОЛОТАРИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
CASINOS AUSTRIA

Ул.8-ма Ударна Бригада бр. 14, 1000 Скопје
тел. (02) 55 11 690 (02) 55 11 691
contact@videolottery.mk

Врз основа на член 235 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013, 120/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014; 88/2015; 192/2015; 6/2016; 30/2016; 61/2016; 64/2018 и 120/2018) и член 19 од Договорот за основање на друштво со ограничена одговорност - Друштво за приредување игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје (Пречистен текст), заведен кај ДВЛМ со архивски број 02-395/2 од 29.01.2018 година, Генералниот директор на Друштвото донесе:

**ОД Л У К А**
**за распишување на Отворен ловик за склучување на договор за користење на брокерски услуги од стручно лице од областа на осигурувањето**

**1**. Предмет на јавниот повик:

- Користење на брокерски услуги од областа на осигурувањето во текот на постапка за доделување на договор за јавна набавка за осигурување, како и користење на професионални и стручни услуги во текот на осигурувањето.

**2.** Критериуми за доделување на договор:

- Доставување на понуда без финансиски надоместок за извршување на брокерски услуги од областа на осигурувањето.

**3**. Критериуми за утврдување на професионална способност:

- За да учествува во постапката за доделување на договор, понудувачот треба да е регистриран како правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на повикот, или да припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

**4.** Се задолжува Комисијата во следниот состав:

Зоран Димовски претседател
Зоран Матовски член
Драган Велков член

да ја организира и спроведе предметната набавка.

Генерален директор
Костадин Каракабаков